ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-25/4
07.02.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **31.01.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-25** од **31.01.2025 година**, каде бара урбанистички планови за едукативни и истражувачки причини.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барател [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-25 на ден 31.01.2025 година. Во барањето наведе дека бара урбанистички планови за едукативни и истражувачки причини.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-25/1 од 31.01.2025
2.Допис до Одделение за спроведување урбанистички планови со бр.11-25/2 од 31.01.2025
3.Одговор од Одделение за спроведување урбанистички планови со бр.11-25/3 од 06.02.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 07.02.2025 година, под бр. 11-25/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 06.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вре |
| 11 | 25/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште
Одделение за спроведување на урбанистички планови
06.02.2025 год.

До
**Одделение за административни и општи работи**

**Предмет** : Одговор на Барање за пристап до информации од јавен каратер
**Врска** : Ваш број 11-25/2 од 31.01.2025 год.

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен каратер заведено под Ваш број 11-25/2 од 31.01.2025 год., Ве известуваме дека Општина Битола почитувајќи ги одредбите од Законот за пристап до информации од јавен карактер, на официјалната страна преку јавниот ГИС портал, има овозможено пристап до целокупната планска документација за подрачјето на општината (ГУП, Општи акти, ДУП, АУП, ЛУПД, УПВНМ/УПС) и истите се јавно достапни до сите лица кои што имаат потреба за информации од електронските бази на податоци.

Со поднесување на електронско барање - Извод од план, може да се добие електронска форма на Извод со податоци за предметното барање во смисла на

- Текстуален дел ,
- Графички прикази на планските решенија на опфатот ,
- нумерички дел за бараниот опфат.

Изработил:
Елена Д.Чагоровска-дипл.правник

**Раководител на Одделение**
Христијан Атанасовски, дипл.инж.арх

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за спроведување на урбанистички планови

Бр.11-25/2
31.01.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-25/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_______________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Примено 31-01-2025
Организациона единица
11 25/1

До: Општина Битола

(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Почитувани
Ние ги бараме следните детални урбанистички планови:

| | |
|---|---|
| ДУП за Брусничко лавчански реон 1 дел | 1977 |
| ДУП за Брусничко лавчански реон 2 дел | 1977 |
| ДУП за Брусничко лавчански реон 3 дел | 1977 |
| ДУП за Брусничко лавчански реон 4 дел | 1977 |
| ДУП за Станбена заедница бр. 1 и 2 | 1979 |
| ДУП за Станбена заедница бр. 4 Ѓорѓи Наумов | 1985 |
| ДУП за Централно градско подрачје 1 дел | 1983 |
| ДУП за Урбанистичка единица Поранешно "Стрелиште" | 1977 |

за едукативни и истражувачки причини, студирајќи во училиште по стручни предмети архитектура и урбанизам, согласно со законот за пристап на информации од јавен карактер.

Не бараме изводи од урбанистички планови.

ГИС порталот поставен на страницата на Општина Битола не е соодветен за нашите потреби при тоа што плановите кој ги содржи се пресечени и нецелосни.

ако неможете да ги доставите плановите по електронски формат, би сакале да знаеме како би можеле да се запознаеме со нивната содржина?

Со почит,
[redacted]

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација: